# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

25 јули 2007 | Излегува по потреба | Година II | број 5



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и расходите на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за период од 01.01. - 30.06.2007 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и расходите на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за период од 01.01. - 30.06.2007 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/1**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница одржана на 19.07.2007 година, расправајќи по Извештајот за остварување на приходите и расходите на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за периодот од 01.01. - 30.06.2007 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се усвојува Извештајот за остварување на приходите и расходите на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за периодот од 01.01. - 30.06.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3085/2**
**од 19.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/2**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5.02), а во врска со член, 22, став 1, член 24, став 1 и 2 и член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница одржана на 19.07.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена и дополна - Скопје.

Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Крамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена и дополна - Скопје ги почитува определбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацртот на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена и дополна - Скопје, е со површина од 3,42 ха и е во рамките на следните граници:

- **Од Север:** Осовина на Ул."102"
- **Од Исток:** Осовина на ул."516" и ул."103"
- **Од Југ:** дел од јужната страна на градежната парцела на Топлификација
- **Од Запад:** Осовина на улица "520"

**Член 3**

Нацртот на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" - УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена - дополна - Скопје, со Тех.бр. 2334/07 изготвен од АД "за урбанизам, проектирање и инжињеринг - ЗУМ" - Скопје, содржи:

**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел:**

**ВОВЕД**

**1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ**

**ОПФАТ, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА**

**2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**3. ИЗВОД ОД ГУП - СКОПЈЕ 2002**
**4. ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ЦЕЛ И МЕТОД**
**5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ**
**6. ПОДАТОЦИ ОД СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**7. ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
**8. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

**Графички прилози:**

**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**

**1. ИЗВОД ОД ГУП - СКОПЈЕ (2002 год.).**
**2. ИЗВОД ОД ДУП**
**3. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ**
**4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

**II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**- Планиран развој 2007 - 2012 год. -**

**Текстуален дел:**

**ВОВЕД**
**1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО И ПЛАНСКИ ПЕРИОД**
**2. МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**3. ПЛАНСКА ПРОГРАМА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА, НАМЕНА, ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**
**6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**8. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**9. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**10. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**
**11. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**

**Графички прилози:**

| | |
|---|---|
| **1. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ** | **1 : 1000** |
| **2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН** | **1 : 1000** |
| **3. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН** | **1 : 1000** |

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета на овој Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" - УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07 - 3085/3**
**од 19.07. 2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Источна индустриска зона (Урбан блок - Централен дел)**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Источна индустриска зона (Урбан блок - Централен дел), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/3**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 17, став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05) и Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година број 4952/4 од 26.12.2006 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/06), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница одржана на 19.07.2007 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се прифаќа Иницијативата за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Источна индустриска зона (Урбан блок - Централен дел), покрената од Општина Гази Баба - Скопје.

2. Финансирањето на изработката на Планот од точката 1 на овој Заклучок паѓаат на товар на подносителот на Барањето - "ТЕХНОМЕТАЛ - ВАРДАР" АД - извоз увоз - Скопје.

3. Овој Заклучок да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба и Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3085/4**
**од 19.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за**
**целосно отстапување на користење и**
**уравување на спортска сала**
**ОУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ" - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за целосно отстапување на користење и управување на користење и управување на спортска сала, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/4**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 4 став 1 од Договорот за инвестирање во изградба на спортска сала "Методија Андонов - Ченто во Општина Гази Баба, склучен на ден 09.07.2007 година помеѓу Агенцијата за млади и спорт, Основното училиште "Наум Наумовски - Борче - Скопје и Општина Гази Баба, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница одржана на 19.07.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За целосно отстапување на користење и управување на спортска сала ОУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ" - Скопје**

**Член 1**

Општината Гази Баба целосно му ја отстапува на користење и управување на Основното училиште "Наум Наумовски - Борче" - Скопје спортската сала која ќе се гради во училишниот двор на истото училиште, а за кое е склучен Договор за инвестирање во изградба помеѓу Агенцијата за млади и спорт, ОУ "Наум Наумовски - Борче" и Општината Гази Баба.

**Член 2**

Спортската сала од член 1 на оваа Одлука ќе го носи името "МЕТОДИЈА АНДОНОВ - ЧЕНТО".

**Член 3**

Оваа Олука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3085/5**
**од 19.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје**

1. Се објавува Решението за именување на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/5**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 16 од Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07 и 4/07), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница одржана на 19.07.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на Управниот одбор на**
**Јавното комунално претпријатие**
**"ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје**

1. Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, се состои од 5 (пет) члена.

2. За членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, се именуваат:

**- ТОДЕ СПАСОВСКИ** - с. Црешево - Скопје
**- РИСТО ДОНЕВ** - "Скопско Поле" - Скопје
**- БЛАГОЈА ДАНЕВ** - ул. "Маџари 8" бр. 7 - Скопје
**- СЕЉМАНИ СУЛИСИ** - с. Сингелиќ - Скопје
**- ДОБРЕ КОСТОВСКИ** - с. Виниче - Скопје

3. Членовите на Управниот одбор од своите редови избираат претседател.

4. Мандатот на претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

5. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3085/7**
**од 19.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за именување членови на Надзорниот одбор за контрола над материјално - финансиско работење на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје**

1. Се објавува Решението за именување членови на Надзорниот одбор за контрола над материјално - финансиско работење на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/6**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 17 од Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07 и 4/07), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница одржана на 19.07.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиско работење на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје**

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, се состои од 5 (пет) члена.
2. За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, се именуваат:

- **ДРАГИ МИЛКОВСКИ** - "Дрма" - Скопје
- **СУЗАНА НИКОЛОВКСА** - с. Булачани - Скопје
- **КРИСТИНА ПЕТРОВИЌ** - с. Трубарево - Скопје
- **БУРХАН САДИКУ** - с. Сингелиќ - Скопје
- **КИРИЛ СПАСОВСКИ** - ул. "Франц Лист" бр. 17 - Скопје

3.Членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење од своите редови избират претседател.

4. Мандатот на претседателот и членовите на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

5. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3085/8**
**од 19.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за отстранување на времени објекти на подрачјето на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Програмата за отстранување на времени објекти на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19.07.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 3216/7**
**од 25.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2007 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр./8/06), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и четвртата седница, одржана на 19.07.2007 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За отстранување на времени објекти**
**на подрачјето на Општина Гази Баба**

I. Со оваа Програма се уредува отстранувањето на времените објекти на подрачјето на Општина Гази Баба кои подолг временски период не се во функција и го нагрдуваат изгледот на Општината.

II. Заради реализација на Детални урбанистички планови или изведување на гредежни работи на времените локации за потребите на Општината Гази Баба се врши отстранување на времени објекти, и тоа:

1. На улица "Коце Металец" лево не работи 1 времен објект
   - до "Елдини" контролирани се водат како на непознати со димензии 2.50м x 3,00 м.
2. На улица "Александар Македонски" пред Општина Гази Баба
   2 времени објекти
   - сопственост на Џуфев Ѓорѓи со Одобрение за поставување
   - непознат градител - скара не функционира, не може да се дознае градителот
3. На бул."Војводина" на семафорите за на кај кванташки
   - до вулканизер Томас објект времен сопственост на Гавриловски Кирил (во Австралија) димензии 5.00м x 4.00 м со настрешници од две страни
   - кафана АЛЕКС димензии 7.00 м x 5.50 м
4. На улица "Романија" улицата за Фершпед
   - пред ДХЛ 2 времени не функционираат шпедиции
   - пред ДХЛ 6 приколки работат само сабота за на автопазар
   - пред Сковин 7 приколки работат само сабота за на автопазар
5. На улица "Маџари" на семафорите
   - Времен објект сопственост на Непознат градител со димензии 2.00м x 2.00 м.

III. Закупците на времените објекти се должни да ги отстранат истите на свој трошок и без право на надомест во рокот што ќе му биде определен од Општина но не пократко од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

IV. Доколку во определениот рок времените објекти не бидат отстранети, Општината ќе го изврши отстранувањето на трошок на Закупецот, а по предходно добиена согласност од Министерството за транспорт и врски.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07 - 3085/9**
**од 19.07.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 60 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („ Службен весник на РМ" бр.63/04), Градоначалникот на Општина Гази Баба го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. ЛИДА СИМЈАНОСКА се избира за директор на Основното училиште "Григор Прличев", Општина Гази Баба, Скопје.

2. Именуваната на функцијата на која е избрана стапува од 20.06.2007г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службениот гласник на Општина Гази Баба".

**Бр. 08 - 2637/3**
**20.06.2007г.**
**Скопје**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 60 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (,, Службен весник на РМ" бр.63/04), Градоначалникот на Општина Гази Баба го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. ЈАГОДА ПОПОВСКА се избира за директор на Основното училиште "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба, Скопје.

2. Именуваната на функцијата на која е избрана стапува од 30.07.2007г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службениот гласник на Општина Гази Баба".

**Бр. 08 - 2952/3**
**16.07.2007г.**
**Скопје**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 60 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.63/04), Градоначалникот на Општина Гази Баба го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. ЛИЛЈАНА МАЛКОВСКА - КРСТЕВСКА се избира за директор на Основното училиште "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба, Скопје.

2. Именуваната на функцијата на која е избрана стапува од 30.07.2007г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службениот гласник на Општина Гази Баба".

**Бр. 08 - 3127/3**
**18.07.2007г.**
**Скопје**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Коце Трајановски с.р.**

# СОДРЖИНА

1. ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и расходите на Буџетот на Општина Гази Баба – Скопје за период од 01.01. – 30.06.2007 година . . . . . . . . . . 2

2. ОДЛУКА за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за „Керамидница„ УБ 1 локалитет „ТОПЛИФИКАЦИЈА“ – измена и дополна – Скопје . . . . . . . . . . 4

3. ЗАКЛУЧОК за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Источна индустриска зона (Урбан блок – Централен дел) . . . . . . . 8

4. ОДЛУКА за целосно отстапување на користење и управување на спортска сала ОУ „НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ„ – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

5. РЕШЕНИЕ за именување членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „ГАЗИ БАБА – 2007„ – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

6. РЕШЕНИЕ за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ГАЗИ БАБА – 2007„ – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . 14

7. ПРОГРАМА за отстранување на времени објекти на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . 16

8. РЕШЕНИЕ за избор на директор на Основното училиште „Григор Прличев“ – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18

9. РЕШЕНИЕ за избор на директор на Основното училиште „Крсте Мисирков“ – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

10. РЕШЕНИЕ за избор на директор на Основното училиште „Вера Јоциќ“ – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци